***ОПШТИНА КОНЧЕ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***
# ***ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА 2022 ГОДИНА***

***Области:***

1.Развој на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче
2. Развој и подршка на НВО секторот во општина Конче
3. Развој на културата во општина Конче.

Март, 2023 година

Област 1: Развој на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата во областа на развој на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче во период од 01.01.2022-31.12.2022 година.
Извештајот ги вклучува реализираните активности, времето на реализација, целите и резултатите на активностите и реализираните финансиски средства за секоја активност предвидена во програмата.
За реализација на активностите од Програмата од областа на развој на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче, општината ги презема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.
Во Програмата беа предвидени средства во износ од 1.600.00,00 денари од Буџетот на општина Конче, распоредени како учество на општината за поттикнување, помагање и подршка на повеќе активности од областа на спортот.
Во прилог е дадена табела во која се прикажани спортските активности предвидени во Програмата и износ на реализирани финансиски средства.

| **Р.б** | **Назив на активноста** | **Родова застапеност** | **Износ во денари** | **Реализирани средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | |
| | - Меѓуопштински турнир во мал фудбал под рефлектори по повод Празникот на Општината ,,12 јули,,<br>-Турнири во мал фудбал по повод празници во населените места;<br>- Турнир во кошарка, одобјка, борење;<br>- Избор на најдобра спортска екипа на годината | Машки/женски | 500.000 ден | 497.000,оо ден |
| 2. | **ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ДРУШТВ** | | | |
| | Подршка на Фудбалски клуб ФК СЕРТА од Конче<br>Подршка на Фудбалски клуб ,,Женски допири,, од с.Конче | Машки/женски | 100.000 ден | |
| 3. | **МАСОВНА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**<br>-Спортски активности по повод важни празници општински и државни празници;<br>-Учество на меѓуопштински натпревари;<br>- Отворени забавни фудбалски школи;<br>- Учество во пионерска регионална лига во рамките на ОФС Струмица;<br>- Основање на општински фудбалска екипа за сениори за настан на фудбалски натпревари во рамките на Фудбалската федерација на Македонија;<br>Учество на спортски и карневалски настани | Машки/женски | 100.000 ден | -20.000,00 денари за подршка на ЗКХО на турците-Радовиш за одржување на пеливанско борење. |
| 4. | **ПОДРШКА НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КОНЧЕ**<br>Подршка на активности за младите во општина Конче | Машки/женски | 150.000 ден | |
| | **ВКУПНО** | | **850.000 ден** | 517.000,00 ден |

За реализација на напред наведените актвиности од обласа на развојот на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година се реализирани средства од Буџетот на општина Конче во износ од 517.000,00 денари.

Област 2: Развој и подршка на НВО секторот во општина Конче

Основни цели на Програмата во областа на активностите на Општина Конче за поддршка на граѓанските здруженија во 2022 година беа:
1.Грижата за младите и соработка со граѓански здруженија, во согласност со можностите.
2.Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.
3.Афирмација на Општина Конче како општина со развиена мрежа на граѓански здруженија која остварува активна соработка со граѓански здруженија.
Во контекст на ова општина Конче ги презема сите потребни активности и ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Од буџетот на општина Конче за подршка на граѓански организации за 2022 година беа предвидени 750.000,00 денари.

Од предвидените средства за подршка на граѓански здруженија и организации беа реализирани:
-195.600,00 денари за подршка на Здружение ЛРД СТУДЕНЕЦ Конче;
-392.000, денари за подршка на здружение „Бучим Шампиони“-Конче
-150.000,00 денари за подршка на Здружение ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ за спроведување на активности по повод 12-ти Јули празник на општина Конче.

Сумата на потрошени средства за подршка на здруженија и организации за 2022 година изнесува **737.600,00** денари.

Област 3. Развој на културата во општина Конче

Активностите од обласа на културата беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат дружење со граѓаните но и зближување на граѓаните со работата на општина Конче, како и поттик и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации.

-Реализирани културни манифестации
**Манифестација „12 јули Празник на општина Конче”**
Се одржа во период јули-август, во организација на локалната самоуправа - Конче на отворените локации во двор на манастирот „Свети Стефан„ „Дом на култура Конче” и други локации во општината со повеќе поединечни програмски содржини во организација со другите субјекти.
- **12-ти Јули (Петровден)** е востановен како празник на општина Конче и по тој повод
седоделуваа награди, признанија и благодарници, се организира културно-забавна програма со настап на домашни фолклорни друштва и ансамбли.
**-Турнирот во мал фудбал** под рефлектори кој традиционално се организира секоја година, и траеше 20 дена, беше проследен со културни манифестации и забава.
**Манифестација „Василичари” општина Конче**
- Се одржа на 13 - ти јануари во организација на граѓани од населените места во општина Конче.
**Манифестација Новогодишна приредба**
- Новогодишна манифестација по повод новата година во организација на општина Конче и ОУ Гоце Делчев-Конче.
**Манифестација „Богојавление“**
Се одржа на 19 јануари „Богојавление“ со фрлање на крстот во населените места во општина Конче при што беа доделени главни награди од општина Конче.
**Манифестација „Ден на лозарите”**
-Се одржа во февруари на „ Св.Труфун“ во организација на лозарите во општина Конче.
**Манифестација Конечки маскенбал „”**
- Се одржа во Април месец во организација на локалната самоуправа - Конче со учество на училишната младина од ОУ „Гоце Делчев„, на центарот - Конче.
**Манифестација „Почит кон Борците од НОБ„**

-Подршка на манифестации за одбележување на значајни датуми од македонската историја поврзани со настаните од народно-ослободителната војна

**Манифестација „21-ви Декември ден на настава на турски јазик“**

-Се одржа на 21 декември по повод денот на настава на турски јазик под покровителство на општина Конче.

За предвидените културни манифестации во 2022 година од Буџетот на општина Конче беа реализирани средства во износ од:

-20.000 денари за манифестација ,,Богојавление'' одржана на 19.01.2022 година.

-60.000,00 денари за подршка на Здружение КУД ЦВЕТОВИ С. Дедино за учество на мегународни фестивали;

-20.000,00 денари за подршка на Здружение ЗКС ЗИЈА ГОКАЛП Конче

Вкупниот износ на средства за подршка на културните манифестации одржани во 2022 година според програмата за развој на културата во општина Конче изнесува **100.000,00** денари.

РЕКАПИТУЛАР

| Реден број | Предвидени средства | Реализирани средства |
|---|---|---|
| 1.Развој на спортот, младите и рекреацијата во општина Конче | 850.000,00 денари | 517.000,00 денари |
| 2. Развој и подршка на НВО секторот во општина Конче | 750.000,00 денари | 737.600,00 денари |
| 3. Развој на културата во општина Конче. | 100.000,00 денари | 100.000,00 денари |
| Вкупно | | 1.354.600,00 денари |

Завршни одредби

Имајќи ги во предвид, сите превземени активности во областите опфатени со Програмата за јавни дејности , во текот на 2022 година, може да се каже дека се бележат значителни резултати во општина Конче, следејќи ги потребите на граѓаните преку реализирање на своите планирани активности, за подобрување на животот на граѓаните на општина Конче.

Број 01-371/1
Дата 24.02.2023
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов,с.р.